Точка на дневен ред: **13**
Предлагач: **Надзорен одбор**

## Материјал за Годишно собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје

## Одлука за назначување Друштво за ревизија

Надзорниот одбор на НЛБ Банка, му предлага на Собранието на акционери на НЛБ Банка АД Скопје, да ја усвои следната:

### Одлука за назначување на Друштво за ревизија

Во прилог:
– Предлог – Одлука за назначување на Друштво за ревизија.

Скопје, мај 2017 година

## Годишно собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје

## Предлог - Одлука за назначување на Друштво за ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје за 2017 година

Врз основа на член 39, став 1 од Статутот на НЛБ Банка АД Скопје, Собранието на НЛБ Банка, ја донесе следната:

### Одлука за назначување на Друштво за ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје за 2017 година

1. Се одобрува Друштво за вршење ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје за 2017 година, да биде ревизорската куќа Ернст и Јанг Овластени Ревизори ДОО Скопје.

2. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

Во Скопје, 11.05.2017 година

Одлуката да се достави до:
Кабинет на Управен одбор
Сектор за внатрешна ревизија
Служба за финансиско сметководство
и финансиска оператива

Претседавач
на Годишно собрание на акционери
на НЛБ Банка АД Скопје

**Образложение:**

Согласно Законот за банките на РМ, член 105 став 1, Банката е должна да определи друштво за ревизија на финансиските извештаи, кое се избира од страна на Собранието на Банката.

Согласно член 91 став 9 точка 9 од Законот за банките на РМ, Одборот за ревизија му предложи на Надзорниот одбор на Банката да одобри Друштво за вршење ревизија на финансиски извештаи на НЛБ Банка АД Скопје за 2017 година да биде ревизорската куќа Ернст и Јанг Овластени Ревизори ДОО Скопје, која е определена за ревизорска куќа на Нова Љубљанска банка д.д. Љубљана.

Предлогот се одобри од страна на Надзорниот одбор и истиот се доставува до Собранието на Банката на усвојување.